# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАВОСУДЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” ОД НАСЛОВ. ДОЦ. Д-Р СНЕЖАНА ГУШЕВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1602-238/9 од 8.10.2014 г. од 106. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 6.10.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Јован Ананиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Борка Тушевска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ПРАВОСУДЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”** од **наслов. доц. д-р Снежана Гушева**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата „**Правосуден систем на Република Македонија**“ од насловен доцент Снежана Гушева ќе се користи како учебно помагало наменето за студентите на прв циклус студии на студиската програма Правни студии со неделен фонд на часови 2+1+1 како изборен предмет. Скриптата е во согласност со Наставната програма на правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е составен од 133 страници, компјутерски напишан текст во А4 формат, што по обем и содржина соодветствува на критериумите утврдени во Правилникот за издавачка дејност на Универзитет. Материјалот концентриран во скриптата соодветствува на потребите на предметот, согласно со предвидениот број на часови.

Скриптата „Правосуден систем на Република Македонија“ е прва скрипта на авторката на оваа тема, напишана за реализирање на наставната материја според програмата на факултетот.

***Краток опис на содржината***

Скриптата е сочинета од 6 глави системски поставени со цел заокружување на материјата наменета за студентите. Јазикот во скриптата е лесно разбирлив, јасен, прецизен и соодветен за студентите од прв циклус на правни студии. Авторката на скриптата успеала на академски начин да ја обработи материјата преку предвидените глави и материјата во нив поединечно да ја поврзе во една заокружена целина што им создава јасна претстава на студентите за правосудниот систем на Република Македонија.

Трудот е методолошки структуриран за потребите на студентите. Во секоја од главите авторката користи референта научна и стручна литература што претставува придобивка за студентите при совладување на материјата. Секоја од главите поединечно почнува со дефинирање на основните поими за материјата што се обработува, разграничување на посебните институти на правосудниот систем и резимирање со клучните поените на предметот на анализа. Со цел да се добие јасна претстава за материјата, авторката го искористила историскиот метод и прави една темелна хронологија на материјата.

Во текстот авторката почнува од правосудството и правните основи на правосудниот систем во Република Македонија како најелементарно ниво на материја за навлегување во проблематиката на правосудниот систем на Република Македонија. Авторката продолжува со материјата за судството и организацијата на судскиот систем како стожерен систем

во правосудниот систем на секоја правен поредок. Во понатамошниот текст, авторката се задржува на поединечните анализи на адвокатурата како јавна служба, нотаријатот и правобранителството во Република Македонија.

Целокупната материјата што е предмет на проучување во ова скрипта е поделена во 6 глави, почнувајќи од првата глава наловена како ***Правосудство, правосуден систем и правни основи на правосудниот систем.*** Во ова глава авторката започнува со теоретско објаснување на основните поими и тоа поим на правосудство и правосуден систем. Преку анализа на односите на органите на правосудниот систем и темелно теоретско објаснување на парламентарниот систем со претседателски елементи, авторката успеала на јасен начин на студентите да им ја доближи работата на собранието и правосудните органи, како и извршната власт со правосудните органи. Во оваа глава авторката ги обработила формалните извори на правото, именувајќи ги како правни основи и тоа закони, меѓународни конвенции, практика, етика итн.

Следствено на материјата што го покрива правосудниот систем, авторката **во втората глава** продолжува со материјата за судството во Република Македонија. Со употреба на историскиот метод на анализа, авторката презентирала хронолошки развојот на судството во Република Македонија во посебни временски етапи, истакнувајќи ги карактеристиките на секоја од етапите на развој посебно. На крај од првата целина на втората глава авторката се фокусира на Република Македонија од осамостојувањето што претставува завршна целина за целокупното судство во Република Македонија. Со ваквиот пристап авторката за студентите им презентира една хронолошка слика за развојот што претставува особено подобна практика на совладување на материјалот од страна на студентите. Како продолжение на оваа теоретска целина, авторот пристапува кон елаборирање на начелата на кои се базира судството во Република Македонија и со тоа создава база за анализа на начелата кои на студентите ќе им послужат во понатамошното изучување на граѓанската, кривичната и управната постапка.

Авторката дава јасен преглед и на структурата на поединечните судови во Република Македонија, водејќи сметка за хиерархијата на судството и положбата на судиите, нивните права обврски и надлежност.

**Третата глава** авторката ја посветува на јавното обвинителство во Република Македонија. Преку историскиот развој на јавното обвинителство, правата, обврските и надлежноста, во трудот се детерминира надлежноста на јавното обвинителство во рамките на правосудните органи. Како и во другите подрачја н проучување, така и во овој сегмент авторката пристапува со анализа на институтот во различните фази на развој, со што тематиката ја заокружува со современата позиција на јавниот обвинител во Република Македонија. Со цел да се добие јасна претстава за значењето и улогата на јавниот обвинител и советот на јавни обвинители, авторката направила компаративна анализа со меѓународните решенија за позицијата и улогата на јавното обвинителство во процената материја.

**Во четвртата глава** авторката го елаборира прашањето за адвокатурата во Република Македонија. Повикувајќи се на референтна литература, во оваа глава таа пристапува и кон анализа на меѓународните стандарди за адвокатура со цел темелно да се сфати позицијата на адвокатот во современото законодавство на македонскиот правосуден систем. Соодветно место по обем и содржина во петтата глава авторката во скриптата дава и на државното правобранителство како битен сегмент од правосудниот систем на секој национален поредок. Сепак, водејќи се од предметот на изучување на оваа дисциплина, авторката се задржува на македонската организација на државно правобранителство, функционирање, елаборирајќи ги правата, обврските и надлежноста во постапката.

Материјалот завршува со елаборирање на проблематиката за нотаријатот како најнова форма на јавен орган. Покрај организацијата на нотаријатот во Република Македонија, во текстот е даден и критички осврт за позицијата, овластувањата и надлежностите.

## ЗАКЛУЧОК

Скриптата „Правосуден систем на Република Македонија“ претставува системско дело од обласа на правосудниот систем, што целосно одговара на потребите на студентите од прв циклус студии. Според содржината, обемот и структурата, авторката успеала да направи системско учебно помагало коешто ќе придонесе студентите на разбирлив и лесен начин да ја совладаат материјата по предметот Правосуден систем. Учебното помагало насловено како „Павосуден систем на Република Македонија“ претставува сеопфатна анализа на материјата поврзана со правосудните органи на Република Македонија.

Авторката успеала во текстот да елаборира и практични аспекти на материјата што му дава посебна вредност на учебното помагало. Со оглед на сето наведено, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип учебното помагало со наслов „Правосуден систем на Република Македонија“ од насловен доцент д-р Снежана Гушева да го усвои извештајот и да го одобри трудот за објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Доц. д-р Борка Тушевска, с.р.**